

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец ноември 2024

Датум: 10.12.2024
Сектор за инвестиции

## Содржина

1. Тетекс АД Тетово ..... 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец ноември 2024 година се одржа акционерско собрание на **Тетекс АД Тетово,** компанија во која отворениот задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд поседува акции и за кои согласно Правилникот Друштвото има обврска за присуство и известување.

## 1. Тетекс АД Тетово

### 5.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кое Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,04%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 20.11.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на претседавач на Собранието<br>3. Избор на записничар и оверувачи на записникот<br>4. Избор на бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Измена на Статутот на друштвото.<br>- Предлог - Одлука за измена на Статут<br>2. Избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување на надомест. | |

| | |
|---|---|
| | - Предлог - Одлука за избор, назначување и надомест на членовите на Одборот на директори. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

II. **Тетекс АД Тетово**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 20.11.2024 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Друштвото, на ул. Браќа Миладинови бр. 1 во Тетово. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на претседавач на Собранието
3. Избор на записничар и оверувачи на записникот
4. Избор на бројач на гласови

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен дел:**

1. Измена на Статутот на Друштвото.
   - Предлог - Одлука за измена на Статут

**Гласаше ЗА**

2. Избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување на надомест.
   - Предлог - Одлука за избор, назначување и надомест на членовите на Одборот на директори

**Гласаше ЗА**

**1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Тетекс АД Тетово:**

На Годишното акционерско собрание преку коресподенција и лично присуствуваа акционери кои поседуваа 70,11% од акциите со право на глас. Откако се утврди дека се исполнети условите за одржување на собранието се пристапи кон избор на Работни тела.

По точките од процедуралниот дел Претседателот на собранието истакна дека, поради тоа што на ова собрание предмет на гласање е предлог Одлука за измени на Статутот на Друштвото, записникот ќе го води нотарот Ариф Незири. По завршување на процедуралниот дел се премина на гласање по точките од Работниот дел.

Во однос на првата точка од Работниот дел од Дневниот ред, акционерите претставени на Собранието едногласно гласаа ЗА Одлуката за измени на Статутот на Друштвото. Предлог измените се во делот на бројот на извршни членови на Одборот на директори т.е. наместо досегашното работење со еден извршен директор Тетекс АД Тетово со измената ќе има два извршни члена, од кој еден ќе биде Главен извршен директор. На Собранието беше образложено дека потребата за оваа промена е за да се зголеми ефикасноста и флексибилноста во работењето и одлучувањето, при извршувањето на секојдневните деловни активности на Друштвото.

Што се однесува до втората точка од Дневниот ред, „Предлог Одлука за избор, назначување и надомест на членовите на Одборот на директори", Претседавачот на Собранието напомена дека на 29.10.2024 година доставен е предлог од 23 акционери кои поседуваат 51,2% од вкупните акции со право на глас, член на Одборот на директори да биде Павлинка Трповска. Предложениот кандидат има повеќегодишно работно искуство, извршувајќи работни задачи во ТТК Банка АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност, во Вега фондови, а во моментов ја извршува функцијата Заменик Генерален Директор на Тетекс АД Тетово. Кандидатот додипломските студии ги има завршено на Економски факултет - Скопје, а има завршено MBA студии на Staffordshire University.

Претседавачот на собранието укажа дека изборот на член на одборот на Директори се врши по оставката на досегашниот член Михаил Петковски, и дека со ова Одлука се предлага од редот на избраните неизвршни членови како независни членови да бидат избрани Звонимир Ристовски и Душко Мишевски. Исто така, се предлага бруто-месечниот паушал на претседателот на Одборот на директори да изнесува 50.000 денари, а на неизвршните членови да биде во висина од 33.333 денари. Предлог Одлуката беше едногласно подржана од претставените акционери на собранието.

Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на Собранието. Претставникот на Сава пензиски фонд позитивно гласаше по сите точки на Дневниот ред.

Со усвојување на последната точка од Дневниот ред, Претседавачот на Собранието го прогласи акционерското собрание на Тетекс АД Тетово за затворено.